# ЈАВЕН ПОВИК

## за пријавување на кандидати за полагање на испит за добивање на сертификат за авто-такси возачи во ОПШТИНА СТРУМИЦА

**1. <u>ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК</u>**

1.1. Предмет на јавниот повик е пријавување на кандидати за добивање на сертификат за авто-такси возачи во Општина Струмица.

1.2. Кандидатите за полагање на испит за добивање на сертификат за авто-такси возач треба претходно да имаат завршено обука за авто-такси возач и за истата да им е издадена Потврда за завршена обука од правни лица за вршење на обука овластени од Градоначалникот на Општина Струмица.

1.3. Трошоците за обука и за издавање на сертификатот за авто-такси возач во Општина Струмица сè на товар на пријавените кандидати.

**2. <u>ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК</u>**

2.1. Право на учество на јавниот повик имаат сите физички лица кои ги исполнуваат следниве услови:

- поседуваат Потврда за завршена обука издадена од правно лице овластено од Градоначалникот на Општина Струмица за стручно оспособување на кандидатот и
- поседуваат возачка дозвола (Б категорија).

**3. <u>НАЧИН И РОК НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВА</u>**

3.1. Лицата од точка (2) поднесуваат Пријава во архивата (на 1-ви кат) на Општина Струмица, ул. „Сандо Масев“ бр.1.

3.2. Кон пријавата задолжително се доставува:

- Потврда за завршена обука за авто-такси возач во Општина Струмица (во оригинал или заверена копија од Нотар), издадена од правно лице овластено за вршење на обука од Градоначалникот на Општина Струмица;
- копија од лична карта/пасош;
- копија од возачка дозвола („Б“ категорија) и
- доказ за платени административни такси (уплатни сметки во прилог на Пријавата).

3.3. Рокот за пријавување на кандидатите за полагање на испит за добивање на сертификат за авто-такси возачи е најдоцна 2 (два) дена пред закажаниот термин на одржување на испит.

3.4. Доколку кандидатот не ја достави комплетната документација, пријавата ќе се смета за непотполна и нема да му се дозволи полагање на испитот.

**4. <u>ТЕРМИНИ И НАЧИН НА ПОЛАГАЊЕ</u>**

4.1. Датуми за одржување на испити:

- 28 февруари 2023 година;
- 13 и 27 март 2023 година;
- 10 и 24 април 2023 година;
- 8 и 22 мај 2023 година;
- 25 септември 2023 година;
- 9 и 23 октомври 2023 година;
- 6 и 20 ноември 2023 година;
- 4 и 18 декември 2023 година.

Во месеците јуни, јули и август ќе се определи датум за полагање на испит по потреба.

4.2. Испитите ќе се одржуваат во просториите на Општина Струмица, дом на АРМ со почеток од 16:30 часот. Кандидатот задолжително со себе да понесе документ за лична идентификација.

4.3. Испитот нема да се одржи во определен термин доколку за истиот се пријавиле најмногу до 3 (три) кандидати при што испитот задолжително ќе се одржи во наредниот термин. Доколку се јават поголем број на кандидати, ќе се закаже испит и во друг дополнителен термин.

4.4. Испитот се состои од теоретски дел кој се полага писмено во форма на тест составен од 45 прашања и ќе трае 120 минути. Се смета дека испитот го положил оној кандидат кој постигнал најмалку 60% од вкупниот број на предвидени поени.

4.5. Испитот ќе го спроведе посебна Комисија за полагање на испит за авто – такси возач, формирана од Градоначалникот.

4.6. Во случај на промена на датумот и времето на одржување на закажаниот термин за испит, Комисијата ќе ги извести пријавените кандидати за утврдените измени со новиот термин за испит.

**<u>НАПОМЕНА</u>**

Сертификатот за авто-такси возач е документ кој авто-такси возачот задолжително мора да го поседува во возилото.